ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје, јануари 2025 година**

| СОДРЖИНА | стр. |
|---|---|
| I. ВОВЕД | 3 |
| I.1. Мисија | 4 |
| I.2. Визија | 4 |
| II. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ НА ФОНДОТ | 5 |
| 1. Управен одбор | 5 |
| 2. Директор | 6 |
| III. ОСИГУРЕНИЦИ, ОБВРЗНИЦИ И КОРИСНИЦИ НА ПЕНЗИИ И НАДОМЕСТОЦИ | 6 |
| 1. Број на осигуреници | 6 |
| 2. Корисници на пензија | 7 |
| 3. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување | 11 |
| 4. Солидарен фонд | 11 |
| IV. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ | 13 |
| 1. Остварени права на ПИО во прв степен | 13 |
| 2. Остварување на правата од ПИО по одредбите на ЕУ и меѓународните договори | 14 |
| 3. Остварување на права по основ на оцена на работната способност | 16 |
| 4 . Правна регулатива, следење и примена на правните прописи и постапување по претставки | 17 |
| 5. Спроведување на надлежностите од вториот пензиски столб | 18 |
| V. УСОГЛАСУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА ПЕНЗИИТЕ | 20 |
| 1. Усогласување на пензии | 20 |
| 2. Исплата на пензии | 22 |
| VI. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ | 22 |
| 1. Приходи на Фондот | 23 |
| 2. Расходи на Фондот | 27 |
| 3. Акции и удели | 29 |
| 4. Наплата на заостанатите ненаплатени придонеси | 30 |
| 5. Финансиски резултат | 31 |
| 6. Јавни набавки | 31 |
| VII. ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ | 33 |
| 1. Правни работи | 33 |
| 2. Стопанисување со имотот на Фондот | 36 |
| 3. Човечки ресурси | 37 |
| VIII. ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ | 38 |
| IX. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА И ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА | 40 |

# I. ВОВЕД

Извештајот за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (во натамошниот текст Фондот на ПИОСМ) за 2024 година содржи поединечни и сеопфатни статистички податоци и образложенија за остварените права од пензиското и инвалидско осигурување, финансиското работење на Фондот, општествениот стандард на корисниците на пензија, како и за остварените резултати при спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување.

Пензиското и инвалидското осигурување во секоја земја зазема едно од најзначајните места во целокупниот општествен, социјален и политички живот на населението. Економските, социјалните и демографските движења во општеството влијаат на развојот на пензискиот систем на секоја земја, а неговото значење се изразува преку бројот на осигуреници, односно вработени лица кои плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување, висината на стапката на придонес што се плаќа, бројот на корисниците на пензија во земјата и висината на пензијата, како и учеството на расходите за пензиското и инвалидското осигурување во бруто домашниот производ на земјата.

Системот пензиско и инвалидско осигурување во Република Северна Македонија од 2006 година функционира како тростолбен систем, и тоа:

- Задолжително пензиско и инвалидско осигурување по основ на меѓугенерациска солидарност - Прв столб,
- Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - Втор столб,
- Доброволно капитално финансирано пензиско осигурување - Трет столб.

Првиот и Вториот столб од пензискиот систем, задолжително ги опфаќаат сите вработени по основ на работен однос и вршење на дејност по разни основи, додека Третиот столб е на доброволна основа.

Работењето на Фондот се извршува согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Законот за ПИО во понатамошниот текст), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Стаутот на Фондот, Буџетот на Фондот, Програмата и планот за работа на Управниот одбор на Фондот и Стратешкиот план на Фондот. Орган на управување со Фондот е Управниот одбор. Согласно член 156 став 2 од Законот за ПИО, Управниот одбор на Фондот има седум членови, именувани од Владата со мандат од четири години. Од нив, двајца членови се бираат на предлог на Владата на Република Северна Македонија, а пет членови се именувани на предлог од: Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за финансии, Репрезентативниот синдикат, член на Економско-социјалниот совет, Репрезентативното здружение на работодавачите член на Економско-социјалниот совет и на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Управниот одбор на Фондот од своите редови избира претседател и заменик претседател за време од една година и за својата работа, најмалку еднаш годишно, поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

Директорот на Фондот е орган кој го раководи Фондот и го претставува пред трети лица.

## I.1. МИСИЈА

Мисијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија е задоволни корисници и осигуренци, како и редовна и навремена исплата на пензиите.

## I.2. ВИЗИЈА

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија е респектабилна институција која обезбедува брза, квалитетна и навремена услуга на корисниците и осигурениците и има професионална и компетентна стручна служба, како и најсовремени процеси за остварување на правата од пензиското и инвалидското

осигурување, со модерен информатички систем кој обезбедува максимална заштита и сигурност на податоците на осигурениците и обврзниците.

## II. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ НА ФОНДОТ

### 1. Управен одбор

Во 2024 година, со Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, бр. 14-8271/1 од 03 септември 2024 година, беа разрешени членовите на претходниот состав на Управниот одбор и со истото Решение беа именувани нови членови на УО на Фондот на ПИОСМ. На 12 ноември 2024 година, со Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, бр. 14-11125/2 од должноста член на Управен одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија е разрешена Ирена Петковски, а за нов член е именувана Јасмина Вукиќевиќ.

Управниот одбор на Фондот на ПИОСМ како највисок орган на управување, во 2024 година својата работа ја оствари согласно статутарните одредби и Програмата и планот за работа на Управниот одбор за 2024 година, при што одржа 15 седници, на кои беа разгледани вкупно 60 материјали. Притоа, беа донесени 34 одлуки, како и Програма и план за работа на УО на Фондот на ПИОСМ, Годишен план за работа на Фондот на ПИОСМ, усвоени 16 информации и 4 извештаи, а беа донесени и Предлог на буџетско барање на Фондот на ПИОСМ за 2024 год., Стратешки план на Фондот на ПИОСМ за периодот 2025-2027 година, како и Стратегија за управување со ризиците во Фондот на ПИОСМ за периодот 2023-2026 година.

Управниот одбор на Фондот на ПИОСМ во 2024 година, посветено, сериозно и со општествена доверба работеше во насока на одговорно и квалитетно разрешување на повеќето актуелни и приоритетни прашања во Фондот во координација со Менаџерскиот тим на Фондот.

## 2. Директор

Во 2024 година, Управниот одбор со Одлука за разрешување на вршител на должноста директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, бр. 02-4766/1 од 20 септември 2024 година го разреши в.д. директорот Арсим Хасани и со Одлука за именување на вршител на должноста директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, бр. 02-4767/1 од 20 септември 2024 година за в.д. директор на Фондот го именуваше Никола Мемов.

# III. ОСИГУРЕНИЦИ, ОБВРЗНИЦИ, КОРИСНИЦИ НА ПЕНЗИИ И НАДОМЕСТОЦИ

## 1. Број на осигуреници и обврзници

Врз основа на податоците од матичната евиденција на Фондот на ПИОСМ со состојба декември 2024 година, евидентирани се 86.662 обврзници и 556.294 осигуреници со задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

**Табела бр. 1:** Број на корисници на пензија, број на осигуреници и соодност

| Година | Број на вработени | Број на корисници на пензија (без воени и земјоделски корисници) | Број на корисници на пензија на 1000 вработени | Број на вработени на 1 корисник на пензија |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 466.280 | 273.751 | 587 | 1,7 |
| 2011 | 489.608 | 277.441 | 567 | 1,8 |
| 2012 | 507.061 | 282.334 | 557 | 1,8 |
| 2013 | 526.909 | 289.114 | 549 | 1,8 |
| 2014 | 536.191 | 293.860 | 548 | 1,8 |
| 2015 | 558.821 | 299.640 | 536 | 1,86 |
| 2016 | 570.168 | 305.766 | 536 | 1,86 |
| 2017 | 575.574 | 310.744 | 540 | 1,85 |
| 2018 | 578.023 | 315.780 | 546 | 1,83 |
| 2019 | 581.405 | 322.704 | 555 | 1,80 |
| 2020 | 571.863 | 325.125 | 569 | 1,76 |

| Година | Број на вработени | Број на корисници на пензија (без воени и земјоделски корисници) | Број на корисници на пензија на 1000 вработени | Број на вработени на 1 корисник на пензија |
|---|---|---|---|---|
| 2021 | 572.303 | 328.570 | 574 | 1,74 |
| 2022 | 572.327 | 334.816 | 585 | 1,71 |
| 2023 | 573.372 | 336.977 | 588 | 1,70 |
| 2024 | 556.294 | 339.955 | 611 | 1,70 |




## 2. Корисници на пензија

Бројот на корисниците на пензија од работничко осигурување, воени и земјоделски пензии со состојба на 31.12.2024 година е прикажан во следнава табела:

Табела бр. 2 : Број на корисници на пензија во декември 2023 и декември 2024 година

| **Вид на пензија** | **Корисници на пензија 31.12.2023** | **Корисници на пензија 31.12.2024** | **Зголемување / намалување** | **Индекс 2024/2023** |
|---|---|---|---|---|
| Старосна | 235,957 | 242,998 | 7,041 | 103.0 |
| Инвалидска | 26,814 | 25,445 | -1,369 | 94.9 |
| Семејна | 74,206 | 73,839 | -367 | 99.5 |
| **Вкупно** | **336,977** | **342,282** | **5,305** | 101.6 |
| Воени | 790 | 729 | -61 | 92.3 |
| Земјоделски | 47 | 37 | -10 | 78.7 |
| **Вкупно** | **337,814** | **343,048** | **5,234** | **101.5** |

Бројот на корисниците на пензија во 2024 година, заедно со минималните земјоделски и воени пензии, во однос на 2023 година е поголем за 5,234 корисници, или за 1,5%. Бројот на корисници на минимални земјоделски и воени пензии и во иднина ќе се намалува со природниот одлив, затоа што затекнатите корисници правото го оствариле според законски прописи кои веќе не се во примена.

**Табела бр. 3**: Движење на бројот на корисниците на пензија од работничко осигурување, по години:

| Година | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 151.894 | 46.118 | 75.739 | 273.715 |
| 2011 | 156.016 | 44.895 | 76.530 | 277.441 |
| 2012 | 162.086 | 43.648 | 76.600 | 282.334 |
| 2013 | 169.362 | 42.741 | 77.011 | 289.114 |
| 2014 | 176.157 | 41.245 | 76.458 | 293.860 |
| 2015 | 182.954 | 39.814 | 76.872 | 299.640 |
| 2016 | 190.633 | 38.343 | 76.790 | 305.766 |
| 2017 | 197.383 | 36.970 | 76.391 | 310.744 |
| 2018 | 204.455 | 35.645 | 75.680 | 315.780 |
| 2019 | 212.941 | 34.217 | 75.546 | 322.704 |
| 2020 | 218.815 | 32.169 | 74.141 | 325.125 |
| 2021 | 222.123 | 30.000 | 75.412 | 327.535 |
| 2022 | 231.066 | 28.485 | 75.265 | 334.816 |
| 2023 | 235.957 | 26.814 | 74.206 | 336.977 |
| 2024 | 242.998 | 25.445 | 738393 | 342.282 |



**Табела бр. 4:** Број и висина на пензијата на корисниците на најнизок износ на пензија

| | **Број на корисници** | **Износ на пензија (денари)** |
|---|---|---|
| Остварено право до 31.12.1996 год. | | |
| Прва група | 831 | 19,409 |
| Втора група | 1,767 | 19,073 |
| Трета група | 4,852 | 18,644 |
| **Вкупно група** | **7,450** | |
| | | |
| Остварено право од 01.01.1997 год. | | |
| Прва група | 287 | 17,223 |
| Втора група | 648 | 16,458 |
| Трета група | 2,354 | 15,692 |
| **Вкупно група** | **3,289** | |
| | | |
| Остварено право од 01.01.2002 год. | | |
| Прва група | 6,703 | 17,958 |
| Втора група | 19,872 | 17,156 |
| Трета група | 51,578 | 16,352 |
| Вкупно група | **78,153** | |
| | | |
| **Вкупен број корисници во сите групи** | **88.892** | |

Најнискиот износ на пензија се определува независно од висината на пензијата определена врз основа на должината на пензискиот стаж и остварените плати. Со тоа, се гарантира износ на пензија кој е повисок од износот определен од должината на пензискиот стаж и остварените плати на осигуреникот. Институтот најнизок износ на пензија, се заснова на принципот на социјална праведност и неговата висина зависи од должината на работниот придонес изразена преку должината на пензискиот стаж и ако истата е пониска, на корисникот му се исплатува до најниската пензија.

### 3. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување

Освен редовните, воените и земјоделските пензии, Фондот исплаќа и надоместок за телесно оштетување. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување се осигуреници кај кои настанало губење, посуштествено оштетување, или позначителна онеспособеност на работната способност на одделни органи или делови од телото, што ја отежнува нормалната активност на организмот и бара поголем напор во остварувањето на животните потреби, без оглед на тоа дали причинува или не причинува инвалидност.

Право на паричен надоместок за телесно оштетување осигуреникот стекнува независно од тоа дали се стекнал и користи некое друго право од пензиското и инвалидско осигурување.

Бројот на корисниците кои примаат паричен надоместок за телесно оштетување во 2024 година изнесуваше 8.175 лица, од кои 1.918 лица на единствено право и 6.257 корисник со право на пензија. Бројот на корисниците на телесно оштетување во 2024 во однос на 2023 година е намален за 236 лица, или за 2,8%.

### 4. Солидарен фонд

Во рамките на задачите и надлежностите на Стручната служба на Фондот е и прибирањето и исплатата на средствата за посмртна помош – Солидарен фонд.

Согласно член 115 и 116 од Законот за ПИО, на корисникот на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство, како и дел за членарина во Здружението на пензионерите. Висината на задршката за посмртна помош и висината на членарината со Одлука ги утврдува Регистрираната организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

**Табела бр. 5**: Задржани и исплатени средства за посмртна помош - солидарен фонд, заклучно со 31-ви декември 2024 година.

| Месец | Бр. пензионери од кои се врши задршка | Задржани средства | Исплатени средства | Бр. исплатени барања |
|---|---|---|---|---|
| Јануари 2024 | 319.174 | 44.979.660 | 68.740.000 | 2211 |
| Февруари 2024 | 319.871 | 45.148.940 | 46.505.000 | 1360 |
| Март 2024 | 320.451 | 45.222.410 | 40.065.000 | 1158 |
| Април 2024 | 323.614 | 45.305.970 | 50.855.000 | 1459 |
| Мај 2024 | 323.700 | 45.318.020 | 29.285.000 | 837 |
| Јуни 2024 | 323.832 | 45.336.430 | 30480000 | 871 |
| Јули 2024 | 323.832 | 45.336.430 | 41.235.000 | 1181 |
| Август 2024 | 323.701 | 45.318.140 | 18.595.000 | 532 |
| Септември 2024 | 324.641 | 45.449.750 | 36.465.000 | 1044 |
| Октомври 2024 | 323.133 | 45.526.910 | 61.315.000 | 1754 |
| Ноември 2024 | 323.662 | 45.613.770 | 36.645.000 | 1047 |
| Декември 2024 | 323.896 | 45.563.140 | 19.165.000 | 547 |
| Вкупно | | 544.119.570 | 479.350.000 | 14.001 |

Во 2024 година, од корисниците на пензија за солидарен фонд - посмртна помош, беа задржани средства во износ од 544.119.570 денари, додека на членовите на семејствата на починатите 14.001 корисници на пензија, се исплатени средства во износ од 479.350.000 денари.

Фондот на ПИОСМ ја извршува исплатата со автоматизиран системски процес, хронолошки по датум на поднесување на барањата.

**Табела бр. 6**: Издвоени и исплатени средства за посмртна помош 2014- 2024 година

| Година | Пензионери со задршка (просек) | Издвоени средства | Исплатени корисници | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| 2014 | 277.609 | 399.757.920 | 13.378 | 401.340.000 |
| 2015 | 281.637 | 408.042.330 | 13.712 | 417.960.000 |
| 2016 | 286.467 | 416.309.460 | 13.878 | 416.340.000 |

| Година | Пензионери со задршка (просек) | Издвоени средства | Исплатени корисници | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| 2017 | 291.502 | 441.213.820 | 14.676 | 440.280.000 |
| 2018 | 296.386 | 428.943.674 | 13.402 | 402.060.000 |
| 2019 | 301.557 | 438.623.910 | 14.907 | 447.222.500 |
| 2020 | 304.733 | 444.008.590 | 15.530 | 465.900.000 |
| 2021 | 307.704 | 504.098.850 | 16.812 | 504.330.000 |
| 2022 | 310.841 | 558.300.580 | 18.618 | 557.421.863 |
| 2023 | 316.838 | 559.753.830 | 15.439 | 463.160.000 |
| 2024 | 323.896 | 544.119.570 | 14.001 | 479.350.000 |

Бројот на починатите корисници на пензија за коишто се исплатени средства за солидарен фонд во 2024 година изнесува 14.001, а во 2023 година изнесувал 15.439 починати корисници, што значи дека бројот на исплати во 2024 година по основ на солидарен фонд е намален за 1.438 лица во споредба со 2023 година.

## IV. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

### 1. Остварени права од ПИО во прв степен

Во текот на 2024 година во Фондот беа поднесени 32.080 нови барања за остварување на права од пензиско и инвалидско осигурување и заедно со нерешените 2.819 барања од 2023 година, вкупно за решавање имаше 34.899 барања.

Од вкупниот број барања за остварување право на пензија, во 2024 година решени се 31.631 барање или 90,64%, а 3.268 барања се пренесени за решавање во 2025 година.

**Табела бр. 7:** Преглед на поднесени и решени барања по видови:

| Опис | | Нерешени барања на почеток на годината | Примени барања во текот на годината | Вкупно за решавање | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3=1+2 | 4 | 5=3-4 |
| Старосни пензии | Први барања | 1.656 | 22.694 | 24.350 | 22.907 | 1.443 |
| Надоместок за телесно оштетување | | | 303 | 303 | 303 | |
| Инвалидски пензии | Први барања | 548 | 2.783 | 3.331 | 2.007 | 1.324 |
| Семејни пензии | Први барања | 615 | 6.300 | 6.915 | 6.414 | 501 |
| **Вкупно** | | **2.819** | **32.080** | **34.899** | **31.631** | **3.268** |

## 2. Остварување на правата од ПИО по одредбите на ЕУ и меѓународните договори

Во 2024 година, Фондот на ПИОСМ продолжи да ги извршува тековните работи како институција и орган за врска, надлежен за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување при примена на меѓународните договори за социјално осигурување.

Во рамките на непосредното спроведување на договорите за социјално осигурување, Стручната служба на Фондот во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година ги реализираше следниве активности:

-**Работна средба на ниво на директори** на фондови/заводи на државите настанати на подрачјето на поранешна СФРЈ, одржана на 11 и 12 јуни 2024 година во Теслич, Република Српска.

-**Разговори на ниво на органи за врска** на Република Северна Македонија и Република Хрватска одржани на 13 и 14 ноември 2024 година во Загреб, Република Хрватска.

-**Редовни советодавни денови** меѓу претставници на Фонд на ПИОСМ и Германскиот носител за пензиско осигурување во Хамбург, Сојузна Република Германија, како и во Загреб, Република Хрватска. Советодавни отворени денови се одржани и во земјата во филијалите на Фоднот во Куманово и Тетово.

-**Одржани се прва и втора експертска мисија** во рамки EU Socieux проектот "Поддршка за преземање на одговорностите според регулативата на ЕУ за размена на податоци и информации во рамките на шемата за координација на системите за социјално осигурување" ("*Support for assuming the responsibilities under the EU regulation on data and information exchange within social security systems coordination scheme*"), во Скопје, во Министертсвото за социјална политика, демографија и млади, во кој Фондот на ПИОСМ и дел од институциите во системот на социјално осигурување се идентификувани како корисници институции.

Во периодот од јануари до декември 2024 година во Одделението или преку странските надлежни институции за социјално осигурување примени се **3085** барања за остварување право на старосна, семејна и инвалидска пензија, трансфер на пензија, обнова на постапка, ускратени решенија за семејна пензија и ускратени решенија за најнизок износ на пензија или воспоставување право на најнизок износ на пензија и потврдување на истата.

Од нив, **2015** барања се примени од осигурениците со место на живеење во Северна Македонија и **1070** од странските надлежни институции за социјално осигурување.

Од вкупниот број **3085** примени барања, **1150** барања се однесуваат за потврдување на пензиски стаж за осигуреници кои не остваруваат право на пензија. Покрај ново примените **1935** барања за остварување право на пензија во 2024 година, од 2023 година останати се нерешени **256** пензиски предмети, со што вкупниот број на барања за остварување право на пензија во 2024 година изнесуваше **2191**.

Од овие **2191** барања, контролирани и решени се **2011** барања за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување со примена на меѓународните договори за социјално осигурување, како нерешени останати се **180** барања.

## 3. Остварување на права по основ на оцена на работната способност

За остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување по основ на инвалидност, односно неспособност за работа, од големо значење е оцената на работната способност на осигуреникот, бидејќи доколку постои инвалидност, или телесно оштетување, осигуреникот остварува долгорочни материјални права од пензиското и инвалидско осигурување.

Комисијата за оцена на работната способност при Фондот (Комисијата за ОРС во понатамошниот текст), ја утврдува инвалидноста како основ за остварување право од пензиското и инвалидско осигурување, по извршен увид во медицинската и работната документација и извршен преглед на осигуреникот на лице место.

Во 2024 година, во Комисијата за ОРС работеа тројца (3) лекари специјалисти во редовен работен однос, од кои еден е раководител на Комисијата. Четири (4) лекари специјалисти беа ангажирани со Договор за извршување на самостојна работа до 30 јуни 2024 година.

Во 2024 година аналитичкиот приказ на изработените предмети е следниот:

- Решени предмети со донесен наод - **2.610**
- Прекината постапка поради смрт - **18**
- Прекината постапка согласно чл. 6 од Правилникот за организација, состав и начин на работа на Комисијата за ОРС - **163**
- Во процедура за остварување на права - **587**

Структурата и видот на 2610 решени предмети во 2024 е како што следува:

- Прва категорија - Општа неспособност за работа - **252** предмети или 9,655%
- Втора категорија – Професинална неспособност за работа - **138** предмети или 5,287%
- Семејни пензиии оствариле **48** лица или 1,839%

- Намалена работна способност со скратено работно време - **587** предмети или 22,490%

- Намалена работна способност со промена на работно место - 54 предмети или 2,068%

- Опасност од настанување на инвалидност - **40** предмети или 1,532%

- Нема загубено работна способност - **893** предмети или 34,220%

- Телесно оштетување - **407** предмети или 15,593%

- Категоризација на инвалидизирани лица по чл.2 - **84** предмети или 3,218%

- Решени предмети по меѓународни конвенции и договори со странски држави - **19**, односно 0,727%
- Решени предмети за ГМП - **88** предмети или 3,372%

Ревизија на сите наоди на Комисијата за оцена на работната способност со кои е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа, како и ревизија по случаен избор кај негативните наоди, врши Комисијата за ревизија на наодот, оценката и мислењето за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, основана од министерот за социјална политика, демографија и млади.

Во 2024 година, Комисијата за оцена на работната способност до Комисијата за ревизија при Министерството, има доставено по случаен избор вкупно 80 наоди, од кои 71 биле потврдени наоди, а девет (9) биле непотврдени (изменети) наоди.

## 4. Правна регулатива, следење и применување на правните прописи и постапување по претставки

Во рамките на следењето и примената на правните прописи, како и постапувањето по претставките, надлежните во Стручната служба на Фондот во текот на 2024 година

спроведе и изврши бројни активности реализирајќи ги притоа во целост задачите предвидени за Секторот за остварување на права од ПИО.

- Одговорено е на 366 **претставки** поднесени од: Кабинетот на Претседателот, од Владата, министерствата, од Народниот правобранител, од Државниот управен инспекторат, од странки и до други институции.

- Дадени се мислења за постапување по 65 **предмети** доставени од филијалите на Фондот на претходна согласност, со појаснување за натамошно постапување по поднесените барања.
- Подготвена е Иницијатива за измена на ЗПИО.
- **Вршена е** постојана комуникација со пензиските друштва на НЛБ и КБ друштвата и доставување одговори до приватните пензиски друштва на нивно барање за починати осигуреници, членови на вториот столб, кои оствариле право на инвалидска и семејна пензија според Законот за ПИО и доставување на други одговори до приватните пензиски друштва
- **Доставени** се извештаи до Владата на Република Северна Македонија за постапувањето по претставките во законскиот рок, за секое тромесечие од 2024 година.
- Донесени се вкупно 94 решенија по поднесени управни приговори во 2024 година.
- Процедура за остварување право на Инвалидска пензија и телесно оштетување согласно забелешките на ДЗР и Процедура за доделување на кориснички број за решавање на права.
- Направена е измена и дополнување на Правилникот за Комисијата за ОРС согласно новиот Правилник за обрасците за остварување на права од ПИО.
- Направено е дополнување на Упатството за приемна на Законот за извршување на санкции („Сл. Весник на РСМ" бр.74/24), како и дополнување на Упатството за промена на Законот за одбрана.

## 5. Спроведување на надлежностите од вториот пензиски столб

Во текот на 2024 година, Одделението за спроведување на надлежностите на вториот столб во Централата на Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, ги спроведуваше задачите кои произлегуваат од тековното работење на одделението и систематизацијата на работните места, како и

од задачите кои се однесуваат на спроведување на процесите поврзани во вториот столб од пензискиот систем.

Во извештајниот период, посебно се истакнуваат следните активности:

- Фондот на ПИОСМ потпиша посебен Анекс договор за соработка со Агенцијата за супервизија (МАПАС), врз основа на кој се воспостави посебен веб сервис преку кој ќе се врши размена на информациите кои се потребни за донесување на соодветно решение за право на пензија,

- Се унапреди процесот на размена на податоци при остварување право на инвалидска пензија и семејна пензија за осигурениците членови во вториот пензиски столб, односно се воспостави електронска размена на информации во процедурата на решавање на правото со што се намали времетраењето за донесување на решенија за право на инвалидска и семејна пензија за осигуреник член на вториот пензиски столб ,

- Се одржаа обуки на вработените за работа со измените и дополнувањата на апликативните решенија,

- Се вршеше следење на валидацијата на пријавите М1/2 и М11 со цел за непречено спроведување на постапката за регистрација на членовите во вториот пензиски столб, обезбедување на точни и комплетни податоци за осигурениците, членови на вториот столб, подготовка на податоци до МАПАС за осигуреници- членови на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и имаат навршен стаж на осигурување со зголемено траење кој овозможува намалување на старосната граница од најмалку една година,

- Се вршеше подготовка на податоци до МАПАС за осигуреници- членови на вториот пензиски столб кои во текот на осигурувањето се пријавени по основ на осигурување за индивидуални земјоделци и за истите согласно закон членството во вториот пензиски столб се поништува,

- Се изготвуваа месечни извештаи до Министерството за социјална политика, демографија и млади и се остваруваше редовна соработка со Агенцијата за супервизија - МАПАС во насока на подготовка на податоци за осигурениците – членови на вториот столб и во насока на разрешување на прашања во врска со членството во вториот столб,

- Во текот на 2024 година Фондот продолжи да го наплатува надоместокот за функциите кои ги извршува за потребите на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување. Надоместокот претставува месечен

надоместок на товар на пензиските друштва во висина од 0,1% од секој уплатен придонес за претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат друштвата,

- Во евиденцијата на Фондот на ПИОСМ заклучно со декември 2024 година регистрирани се 397.985 активни осигуреници членови во вториот пензиски столб.

## V. УСОГЛАСУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА ПЕНЗИИТЕ

### 1. Усогласување на пензиите

Согласно член 37 од Законот за ПИО, пензиите остварени до 28.02.2023 година од 1-ви март 2024 година се усогласија за 5,3%. Согласно член 18, став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување пензиите остварени до 31.08.2024 година од 1-ви септември 2024 година се зголемија за 2.500 денари.

**Табела бр 8.** : Извршено усогласување на пензиите од 2007-2024 година:

| Година | Усогласување на пензиите на 1-ви јануари | Усогласување на пензиите на 1ви јули | Вкупно усогласување |
|---|---|---|---|
| 2007 | 0.64% | 1.04% | 1.69% |
| 2008 | 13.00% | 7.65% | 21.66% |
| 2009 | 3.50% | 2.02% | 5.59% |
| 2010 | 0.30% | 1.10% | 1.40% |
| 2011 | 0.75% | 2.10% | 2.87% |
| 2012 | 0.31% | 1.40% | 1.71% |
| 2013* | 1.15% | 0.75% | +5% допол. Вкуп. 7% |
| 2014 | 5% од февруари | 0.00% | 5.00% |
| 2015 | 0.00% | 5% од септември | 5.00% |
| 2016 | 0.00% | 5% од ноември | 5.00% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2017 | 0.82% | 0.76% | 1.59% |
| 2018 | 1.69% | 1.80% | 3.52% |
| 2019 | 0.70% | 0.40% | 1.10% |
| 2020 | 5% (722 денари) | 0.60% | 722 + 0,60% |
| 2021 | 1.20% | 1.20% | 2.40% |
| 2022 | 2.90% | 6,8% (од 1 ви септември 2022 год.) | 9.70% |
| **Година** | **Усогласување на пензиите на 1-ви март** | **Усогласување на пензиите на 1-ви септември** | **Вкупно усогласување** |
| 2023 | 8.40% | 5.30% | 13.70% |
| 2024 | 5.30% | Зголемување од 2.500 ден. | |

*Редовно и дополнително усогласување

Со извршените усогласувања на пензиите, просечната пензија во декември 2024 година изнесуваше 23.785,00 денари и беше повисока за 17,8% во однос на просечната пензија во 2023 година која изнесуваше 20.195,00 денари. Зголемувањето е резултат на извршеното зголемување на пензиите во 2024 година во износ од 2.500,00 ден, како и на висината на пензиите на новите корисници на пензија.

**Табела бр. 9** : Просечните пензии по видови, во декември 2023 и декември 2024 година

| **Вид на пензија** | **2023** | **2024** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| | **во денари** | | |
| Старосна пензија | 21,774 | 25,411 | 116.7 |
| Инвалидска пензија | 17,914 | 21,320 | 119.0 |
| Семејна пензија | 15,914 | 19,200 | 120.6 |
| **ВКУПНО** | **20,176** | **23,767** | **117.8** |
| Земјоделска пензија | 10,419 | 13,429 | 128.9 |
| Воена пензија | 28,575 | 32,581 | 114.0 |
| **ВКУПНО** | **20,195** | **23,785** | **117.8** |

Просечната исплатена пензија во декември 2024 година изнесуваше 23.785,00 денари, односно 56,5% од просечната плата во државата исплатена во ноември 2024 година која изнесуваше 41.999,00 денари.

### 2. Исплата на пензии

Една од основните функции на Фондот при спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување, е исплатата на пензиските примања на корисниците на пензија. Во текот на 2024 година, Одделението за исплата на пензиските примања во соработка со Секторот за информатика вршеше обработка и редовна исплата на пензиите. Поконкретно, во текот на минатата година редовно се вршеше: подготовка и исплата на редовни месечни исплати на пензии за корисници на пензии од работничко осигурување, воени пензии, земјоделски, минимални пензии, како и исплата во поранешните ЈУ-републики.

Исто така, во текот на 2024 година редовно се вршеше обработка, печатење, проверка и отворање на финансиски досиеја за нови решенија кои се донесени за корисници на пензија кои за првпат стекнале право на пензија, се вршеше спроведување на изменети решенија, исклучување на право на исплата, се постапуваше по пристигнати извршни решенија за задршки од корисниците на пензија , се вршеше прием и скенирање на потврдите за живот и на потврдите за школување на корисниците на семејна пензија, како и други редовни активности согласно доделените задачи на Одделението.

Декемвриската пензија е исплатена на 335.721 корисници на пензија со живеалиште во Република Северна Македонија и на 10.003 корисници на пензија во странство.

## VI. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ

Со Буџетот на Фондот на ПИОСМ за 2024 година, планирано беше финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Основ за баланс меѓу приходите и расходите беа макроекономските индикатори добиени од Министерството за финансии за пораст на приходите од придонесите за 8,7%, стапката

на придонес од плата за пензиско и инвалидско осигурување од 18,8%, како и обезбедените средства од Буџетот на државата за редовните обврски, за транзиционите трошоци и за покривањето на дефицитот на Фондот. Во делот на расходите беше проектирана редовна исплата на пензиите, законско усогласување на пензиите од март и од септември 2024 година и предвидениот пораст на бројот на корисниците на пензија од 1,1% на годишно ниво.

Со средствата остварени од придонесите, како и со дозначените средства од Буџетот на државата, од приходите од акцизи и од другите неданочни приходи, Фондот во 2024 година оствари вкупни приходи во износ од 115.695,97 милиони денари. Со овие и со пренесените средства од 2023 година во износ од 689,25 милиони денари, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 116.385,22 милион денари.

Вкупните остварени приходи на Фондот во 2024 година во однос на планираните средства со Ребалансот на Буџетот на Фондот изнесуваат 97,16%, а во однос на 2023 година се повисоки за 20,07%, додека вкупните расходи во однос на планираните средства со Ребалансот на Буџетот, се 96,79%, а во однос на 2023 година се повисоки за 18,87%.

**1. Приходи на Фондот**

**Вкупните приходи** на Фондот остварени во 2024 година се во износ од 115.695,97 милиони денари и се од следните извори на финансирање:

- **Изворни приходи** (придонес од плата, придонес за бенефициран стаж, придонес од физички лица кои самостојно вршат дејност и вработени кај нив, како и од индивидуални земјоделци и придонес од паричен надоместок поради невработеност од Агенцијата за вработување), средства во износ од 71.435,62 милиони денари, или 61,74% од вкупните приходи,
- **Средствата од Буџетот на Републиката** во износ од 42.473,72 милиони денари, или 36,71% од вкупните приходи,
- **Акцизи,** средства од 1.624,15 милиони денари, или 1,40% од вкупните приходи,

- **Дивиденда,** средства во износ од 17,69 милиони денари, кои во однос на вкупните приходи изнесуваат 0,02%,
- **Други приходи,** средства во износ од 144,79 милиони денари, или 0,13% од вкупните приходи.

**Придонесот од плата** за 2024 година се плаќа по стапка од 18,8% на бруто платата и е основен и најголем извор за финансирање на Фондот. Сите уплатени средства од придонесите од плата Фондот ги распределува меѓу Првиот и Вториот пензиски столб, согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување од 08.08.2012 година, со кој е утврдена фиксна стапка за Вториот столб во висина од 6%, а за Првиот столб во висина од 12,8%, како разлика помеѓу стапката на вкупниот придонес и стапката на придонес за втор столб.

Во 2024 година од придонес од плата, остварени се средства во износ од 69.039,46 милиони денари и истите се во рамките на планираните со Буџетот на Фондот. Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 59,67%.

**Приходите од придонесот од доход** [1](687,28 милиони денари) заедно со **приходите од физичките лица што вршат дејност и вработените кај нив** (1.521,80 милиони денари) и **од индивидуалните земјоделци** (180,91 милиони денари), се остварени во вкупен износ од 2.389,99 милиони денари и нивното учество во вкупните приходи изнесува 2,07%.

**Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначуваат за невработени лица кои примаат паричен надоместок. Во 2024 година, по овој основ, се дозначени средства од 6,17 милиони денари, и нивното учество во вкупните приходи изнесува 0,01%.

**Приходите од акцизите** се остварени во износ од 1.624,15 милион денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,40%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од акцизата на нафтените деривати.

[1] Придонес од добивка за пензиско и инвалидско осигурување за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење

**Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 42.473,72 милиони денари и во вкупните приходи учествуваат со 36,71%.

Трансферните средства од Буџетот на Републиката подетално се следните:

- 1.842,38 милиони денари за редовни законски обврски,
- 15.300,00 милиони денари за транзициони трошоци,
- 23.119,60 милиони денари за покривање на тековен дефицит,
- 515,00 милиони денари трансфер од Министерството за одбрана, а се однесуваат за исплата на пензии остварени според Законот за служба во АРМ.

Во трансферните средства влегуваат и 1.696,74 милиони денари за финансиска поддршка на корисниците на пензија согласно Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани.

По основ на сопственост на акции и удели, во 2024 година се остварени приходи од дивиденда во износ од 17,69 милиони денари.

Од други приходи остварени се средства во износ од 144,79 милиони денари, односно 0,13% од вкупните приходи. Другите приходи ги вклучуваат приходите од закупнина, приходите од надоместоци и отштета, приходите за надомест од приватните пензиски друштва за извршените трансфери на придонеси и распредлбата на членови во пензиските фондови, вратени пензии од странство, камати по основ на ненавремени плаќања на придонес од ПИО и друго.

Во вкупните приходи на Фондот, најголемо е учеството на придонесот од плата од 59,67%, трансферите од буџетот на Републиката учествуваат со 36,71%., додека од сите останати приходи остварените средства учествуваат со 3,62 %.

**Табела бр. 10**: Остварени и планирани приходи на Фондот во 2024 година:

| Ред. Број | Вид на приход | Ребаланс Буџет за 2024 год.со пренамена и одлука | Остварено I-XII 2023 | Остварено I-XII 2024 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Придонес од плата | 69.870,50 | 61.205,73 | 69.039,46 | 98,81 | 112,80 |
| 2 | Придонес од доход | 728 | 601,86 | 687,28 | 94,41 | 114,19 |
| 3 | Приватен сектор | 1.339,00 | 1.347,08 | 1.521,80 | 113,65 | 112,97 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 190 | 180,48 | 180,91 | 95,22 | 100,24 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 2,00 | 5,82 | 6,17 | 308,50 | 106,01 |
|  | Вкупно придонеси | **72.129,50** | **63.340,97** | **71.435,62** | **99,04** | **112,78** |
| 6 | Приходи од акцизи | 1.600,00 | 1.492,03 | 1.624,15 | 101,51 | 108,86 |
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | 44.827,86 | 31.378,76 | 42.473,72 | 94,75 | 135,36 |
| 8 | Други приходи | 500,00 | 131,00 | 144,79 | 28,96 | 110,53 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 10,00 | 9,72 | 17,69 | 176,90 | 182,00 |
| 10 | Приходи од продажба или од сопственост на хартии од вредност | 10,00 | 0,24 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
|  | **Вкупни приходи** | **119.077,36** | **96.352,72** | **115.695,97** | **97,16** | **120,08** |

Табела бр.11: Движење на приходите по години во милиони денари

| Година | Изворни приходи | Агенција за вработување | Буџет | Акцизи | Други приходи | Дивиденда | Продажба на акции или друг приход од сопственост на акции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 29.876,77 | 30,87 | 22.677,71 | 892,39 | 290,74 | 0,66 | 11,54 | 53.780,68 |
| 2015 | 32.214,98 | 21,22 | 23.860,89 | 1016,11 | 125,7 | 0,09 | 15,52 | 57.254,51 |
| 2016 | 33.819,77 | 14,22 | 26.599,48 | 1120,71 | 109,79 | 0,21 | 20,78 | 61.684,96 |
| 2017 | 35.606,13 | 7,77 | 28.457,04 | 1.154,21 | 91,79 | 3,04 | 0,00 | 65.319,98 |
| 2018 | 37.982,50 | 7,9 | 29.391,94 | 1346,96 | 102,76 | 3,55 | 16,86 | 68.852,47 |
| 2019 | 41.921,18 | 5,92 | 28.098,22 | 1.378,61 | 4.472,58 | 8,48 | 30,54 | 75.915,53 |
| 2020 | 46.337,34 | 4,52 | 29.852,40 | 1334,88 | 142,81 | 10,69 | 0,00 | 77.682,64 |
| 2021 | 49.285,79 | 3,56 | 30.580,30 | 1.462,14 | 151,97 | 11,67 | 12,84 | 81.508,27 |
| 2022 | 54.939,36 | 4,06 | 28.587,93 | 1444,91 | 136,86 | 12,11 | 0,00 | 85.125,23 |
| 2023 | 63.335,15 | 5,82 | 31.378,76 | 1.492,03 | 131,00 | 9,72 | 0,24 | 96.352,72 |
| 2024 | 71.429,45 | 6,17 | 42.473,72 | 1.624,15 | 144,79 | 17,69 | 0,00 | 115.695,97 |

## 2. Расходи на Фондот

Вкупните расходи на Фондот во 2024 година изнесуваат 115.250,66 милиони денари и се извршени во износ од 96,79% од планираните средства со Буџетот на Фондот.

Расходите на Фондот се однесуваат на следното:

- **Расходите за исплата на пензиите** изнесуваат 90.646,54 милиони денари, односно 78,65% од вкупните расходи на Фондот.

-**Придонесите за здравствено осигурување** за корисниците на пензија изнесуваат:

9.664,56 милион денари, истите во вкупните расходи учествува со 8,39%.

- **Расходите за исплата на надоместоците од инвалидско осигурување, интернатското сместување на деца инвалиди и телесното оштетување** изнесуваат 110,19 милиони денари, или 0,10% од вкупните расходи.
- **Трансферот на средствата за приватни пензиски фондови** во 2024 година изнесува 14.221,46 милиони денари и истиот во вкупните расходи учествува со 12,34%.

- **Платите на вработените во Стручната служба** на Фондот во 2024 година изнесуваа 363,13 милион денари, или 0,32% од вкупните расходи.
- **Другите расходи** во 2024 година се извршени во износ од 200,06 милиони денари, или 0,17% во однос на вкупните расходи.
- **Капиталните трошоци** се извршени во износ од 21,37 милиони денари, или 0,02% во однос на вкупните расходи,
- **Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 23,35 милиони денари, или 0,02% во однос на вкупните расходи,

**Табела бр. 12:** Структура на вкупните расходи на Фондот

| Вид на расход | Ребаланс Буџет за 2024 год.со пренамена и одлука | Остварено I-XII 2023 | Остварено I-XII 2024 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Вкупно пензии | 91.392,82 | 78.063,34 | 90.754,36 | 99,30 | 116,26 |
| Плаќ.по основ на задол.кап.осиг. | 15.300,00 | 12.172,58 | 14.221,46 | 92,95 | 116,83 |
| Надоместоци од инвалидско осигурување | 5,00 | 2,58 | 2,37 | 47,40 | 91,86 |
| Придонес за здраствено осигурување | 11.751,00 | 8.664,41 | 9.664,56 | 82,24 | 111,54 |
| Плати и надоместоци | 364,64 | 308,61 | 363,13 | 99,59 | 117,67 |
| Други расходи, капитални трошоци и реконструкција на деловни објекти | 263,9 | 255,24 | 244,78 | 92,75 | 95,90 |
| **Вкупни расходи** | **119.077,36** | **99.466,76** | **115.250,66** | **96,79** | **115,87** |

Табела бр. 13: Движење на расходите по години

| Година | Пензии | Надоместоци од инвалидско осигурување | Придонес од здравство | Стручна служба | Други капитални расходи | Транзициони трошоци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 43.931,60 | 97,45 | 5.421,47 | 241,31 | 187,3 | 4.138,32 | 54.017,45 |
| 2015 | 45.569,34 | 94,71 | 5.954,22 | 248,63 | 202,47 | 4.719,99 | 56.789,36 |
| 2016 | 48.248,22 | 91,83 | 6.335,80 | 249,17 | 189,49 | 6.373,96 | 61.488,47 |
| 2017 | 51.820,97 | 90,22 | 6.571,29 | 241,88 | 171,45 | 6.253,13 | 65.148,94 |
| 2018 | 54.227,72 | 90,68 | 6.827,33 | 232,19 | 158,47 | 7.007,81 | 68.544,20 |
| 2019 | 56.318,10 | 91,33 | 7.437,42 | 228,82 | 185,19 | 8.861,58 | 73.122,44 |
| 2020 | 60.212,53 | 89,53 | 7.881,72 | 257,52 | 159,77 | 8.612,15 | 77.213,22 |
| 2021 | 62.289,61 | 86,38 | 8068,37 | 261,76 | 207,81 | 9.233,14 | 80.147,07 |
| 2022 | 67.569,30 | 89,23 | 8.607,55 | 258,34 | 257,82 | 10.825,13 | 87.607,37 |
| 2023 | 77.965,31 | 100,60 | 8.664,41 | 308,61 | 255,25 | 12.172,58 | 99.466,76 |
| 2024 | 90.646,54 | 110,19 | 9.664,56 | 363,13 | 244,78 | 14.221,46 | 115.250,66 |

Расходите за исплата на пензиите во 2024 година, изнесуваа 90.646,54 милион денари и во споредба со 2014 година се зголемени за 106,34%. Вкупните расходи во 2024 изнесуваат 115.250,66 милиони денари и во споредба со 2014 година се зголемени за 113,36%.

### 3. Акции и удели

Фондот на ПИОСМ поседува акции и удели во претпријатијата кои беа во општествена сопственост и се трансформираа согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (во понатамошниот текст - ЗТПОК).

Во член 193 став 2 од Законот за ПИО е утврдено дека под вкупен капитал кој Фондот го стекнал по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал се подразбира капиталот во акции и удели во активни друштва, продадените акции и удели, како и акциите и уделите во друштвата во кои е отворена стечајна постапка, или постапка за ликвидација, а истата сè уште не е завршена. Во вкупниот капитал не се вклучени акциите и уделите од ликвидираните друштва.

Заклучно со 31.12.2024 година Фондот поседува акции во 11 активни акционерски друштва, со вкупна номинална вредност на акциите од 18.952.182 ЕУР или 13,39% од вкупниот капитал стекнат по основ на ЗТПОК. Фондот поседува и удели во 21 активно друштво со ограничена одговорност со вкупна номинална вредност на уделите од 444.518 ЕУР, или 0,31% од вкупниот капитал стекнат по основ на ЗТПОК. Во 68 друштва во кои е отворена и е во тек стечајна или ликвидациона постапка, Фондот поседува акции и удел во вкупна номинална вредност од 43.791.504 ЕУР, односно 30,93% од вкупниот капитал стекнат по основ на ЗТПОК. Во изминатите години, па заклучно со 31.12.2024 година, Фондот има продадено акции и удели издадени од 523 друштва. Вкупната номинална вредност на продадените акции и удели изнесува 77.275.608 ЕУР, односно 54,58% од вкупниот капитал стекнат по основ на ЗТПОК.

Во текот на 2024 година, Фондот не спроведе аукција за продажба на акции и удели.

**4. Наплата на заостанатите ненаплатени придонеси**

Во текот на 2024 година вкупно наплатените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување изнесуваат 71.474.188.810 денари, од кои 67.684.680.659 денари се придонеси од интегрираната наплата за плати остварени во 2024 година, 3.722.004.862 денари се придонеси по основ на интегрирана наплата за периодот од 01.01.2009 до 31.12.2024 година, а 67.503.289 денар се придонеси настанати до 31.12.2008 година за кои Фондот е надлежен да води постапка за наплата.

Причините за малиот износ на наплата на заостанатите неплатени придонеси настанати до 31.12.2008 година, за кои постапката за наплата е во надлежност на Фондот, е во фактот што Фондот, освен преку механизмот за присилна наплата со блокирање на жиро – сметката на обврзникот, нема други механизми да ги наплати своите побарувања, како на пример преку конфискација на имот и слично. Овие механизми се во надлежност на Управата за јавни приходи. Исто така, причина за малиот износ на наплата е фактот што многу обврзници се ликвидираат и бришат како правни субјекти во Централниот регистар, други одат во стечај, а немаат имот од кој

може да се наплатат побарувањата, или немаат жиро-сметки, или пак се неактивни субјекти кои ги имаат одјавено вработените.

Поради овие причини, претпоставка е дека и во наредните години ќе се намалува износот на наплатени придонеси кои настанале до 31.12.2008 година.

## 5. Финансиски резултат

Во 2024 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 115.695,97 милиони денари, а **вкупните расходи во истиот период изнесуваа 115.250,66 милиони денари**. Оттука салдото на средствата во 2024 година изнесуваше **445,31 милиони денари.**

Со остварените приходи од придонесите и средствата од Буџетот на Републиката, како и од останатите приходи, Фондот во 2024 година редовно ја вршеше исплатата на пензиите во утврдениот период во првата недела од месецот за претходниот месец.

Финансискиот резултат на Фондот за 2024 година отсликува состојба на добро работење кое резултира со позитивен финансиски резултат, како и со добро поставени цели и проекции за редовно и навремено извршување на сите обврски, како во делот на приходите за прибирање на средствата, така и во делот на редовно извршување на обврските кои произлегуваат од дејноста за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување, а исто така и во делот на сите дополнителни обврски кои произлегуваат од вршењето на дејноста на Стручната служба на Фондот, кои во целост беа извршени.

## 6. Јавни набавки

Одделението за јавни набавки, во 2024 година, ги спроведуваше постапките согласно Годишниот план за јавни набавки на Фондот во 2024 година и изменувањата и дополнувањата на Годишниот план за јавни набавки, согласно Законот за јавните набавки и со користење на електронскиот система за јавни набавки - ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk).

Во 2024 година објавени се вкупно 35 огласи за доделување на договор за јавна набавка, односно за 17 огласи помалку од претходната 2023 година кога биле објавени 52 огласи.

**Табела бр. 14: Приказ на бројот на објавени огласи според вид на постапката**

| Вид на постапка | Број на огласи |
|---|---|
| Набавки од мала вредност | 4 |
| Поедноставена отворена постапка | 18 |
| Отворена постапка | 11 |
| Набавка на посебни услуги | 1 |
| **Вкупно** | **34** |

Најмногу огласи за доделување на договор се објавени со Поедноставена отворена постапка и Набавки од мала вредност. Притоа, 18 огласи беа објавени за јавна набавка на стоки, 15 огласи за набавка на услуги и 2 огласи за набавка на работи.

Фондот на ПИОСМ како Договорен орган, во 2024 година склучи вкупно 35 договори за јавни набавки кои се однесуваат на деллив предмет на набавки од спроведените постапки, и тоа: осум (8) договори со отворена постапка, 23 договори со поедноставена отворена постапка, три (3) договори со набавки од мала вредност, еден (1) договор за набавка на посебни услуги.

Сите податоци во врска со склучените и реализираните договори за јавни набавки се објавени на ЕСЈН (https://e-nabavki.gov.mk) и на веб- страницата на Фондот (http://www.piom.com.mk/nabavki/) и се целосно достапни за јавноста.

Вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во 2024 година изнесува 137.664.568,35 денари.

**Табела бр. 15: Приказ на бројот и вредноста на склучени договори според вид на постапка за доделување на договор за јавна набавка**

| Вид на постапка за доделување на договор | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори | % |
|---|---|---|---|
| Набавки од мала вредност | 3 | 1.160.447,00 | 8,5% |
| Поедноставена отворена постапка | 24 | 51.523.867,83 | 68,5% |
| Отворена постапка | 7 | 84.567.253,52 | 20% |
| Посебни услуги | 1 | 413.000,00 | 2,9% |
| Вкупно | 35 | 137.664.568,35 | 100% |

Во текот на 2024 година, беа поништени осум (8) постапки за јавна набавка. Поништувањето на целата постапка, или поништувањето на деловите од постапката беше поради: - не поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда, кај едно поништување, - пропусти и недостатоци во тендерската документација, кај пет (5) поништувања, - по инструкции на Бирото за јавни набавки, по извршена управна контрола, кај една постапка и едно поништување е направено од Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## VII.ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

### 1.Правни работи

Одделението за правни работи во текот на 2024 година продолжи со водење на постапки за надомест на штета поради неоснована исплата на пензии, да изготвува тужби, редовни и вонредни правни лекови и други поднесоци во постапките пред надлежните судови и да го застапува Фондот во постапките пред надлежните судови и другите надлежни органи.

Во 2024 година по добиена пресметка од Одделението за исплата на пензиски примања, се формирани вкупно 123 предмети, при што побарувањето на Фондот по основ на неоснована исплата на пензии (штети) е во вкупен износ од 15.075.424,00 денар, од кои завршени (архивирани) се 40 предмети и вкупно се наплатени 2.645.291,00 денари.

Од вкупно 123 предмети, по основ на неоснована исплата на семејна пензија се евидентирани 67 предмети со вкупно побарување во износ од 4.476,960,00 денари од кои се наплатени 1.102.389,00 денари.

Евидентирани се 22 предмет по основ на неоснована исплата на старосна пензија поради вработување на корисникот на пензија, со вкупно побарување во износ од 7.361.078,00 денари, од кои се наплатени 821.760,00 денари.

По основ на неоснована исплата на најнизок износ на пензија се евидентирани осум (8) предмети со вкупно побарување во износ од 1.461.337,00 денари од кои се наплатени 515.581,00 денари.

По основ на неоснована исплата на времена инвалидска пензија се евидентирани четири (4) предмети со вкупно побарување во износ од 392.939,00 денари од кои се наплатени 2.314,00 денари.

По основ исплата на починат корисник на пензија се евидентирани 21 предмет со вкупно побарување во износ од 1.136.914,00 денари, од кои се наплатени 203.247,00 денари.

Еден предмет е евидентиран по други основи со вкупно побарување во износ од 246.196,00 денари.

Во 2024 година од страна на Фондот се поднесени 22 тужби по разни основи за наплата на побарување во износ од 6.308.853,00 денари. По поднесените тужби, за пет (5) предмети е донесена првостепена пресуда во корист на Фондот (586.508,00 денари), додека 17 предмети се во постапка пред надлежните судови.

Во 2024 година против Фондот се поднесени вкупно 58 тужби од кои 47 се по основ додатоци од плата од работен однос - исплата на третиот дел од новогодишен

надоместок за 2021 година и по основ на исплата на разлика во плата врз основа на дадено овластување, односно задолжување, додека 11 тужби се по други основи (признавање работен стаж изгубен поради неоправдана осуда, долг поради неисплатени пензии, исплата на камата поради ненавремена исплата на пензија и слично).

Во 2024 година се донесени 199 пресуди од страна на надлежните судови во Република Северна Македонија.

Од наведените пресуди, 187 се донесени за предмети во кои Фондот е тужена страна, при што сите се во корист на тужителите. Најголемиот број на пресуди се донесени по основ исплата на регрес за годишен одмор и на новогодишен надоместок за периодот од 2019 до 2021 година, како и за исплата на разлика во плата по основ на задолжување, односно овластување. Со 12-те пресуди по основ исплата на разлика во плата, Фондот е задолжен да им исплати на тужителите на име главен долг вкупен износ од 1.881.701,00 денари со законска казнена камата од денот на поднесувањето на тужбите до конечната исплата, како и да им бидат исплатени процесните трошоци, односно трошоците направени во постапката, додека со пресудите по основ на исплата на регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок Фондот е задолжен да им исплати на тужителите на име главен долг вкупен износ од 4.691.335,00 денари, исто така со законска казнена камата од денот на поднесувањето на тужбите до конечната исплата и процесните трошоци.

Од 199 пресуди, 12 пресуди се донесени за предмети во кои Фондот се јавува како тужител, при што 10 пресуди се во корист на Фондот за наплата на побарување во вкупен износ од 421.313,00 денари, додека 2 пресуди се донесени во корист на тужените, односно се одбива тужбеното барање на Фондот како неосновано (износ 508.211,00 денари).

Одделението за правни работи постапува и по предмети од претходните години кои сеуште не се завршени, односно наплатени.

## 2. Стопанисување со имотот на Фондот

Во 2024 година Одделението за стопанисување со имотот на Фондот, презеде активности согласно Програмата за работа усвоена од Управниот одбор за непречено и квалитетно функционирање на домовите за живеење на корисниците на пензија, стопанисување со станбениот и деловниот простор, извршување на Програмата за реконструкција, адаптација и инвестиционо одржување на објектите на Фондот, како Филијалите и Централата, така и дел од пензионерските домови, давање под закуп на објектите за одмор и рекреација, обезбедување на потребната документација за впишување на објектите во сопственост на Фондот во катарската евиденција и добивање на имотни листови.

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стопанисува со вкупно 14 пензионерски домови кои располагаат со 380 станбени единици.

Закупнината редовно се наплаќа преку задршка од пензијата, а останатите трошоци (комунални услуги) со помали тешкотии се наплаќаат. Вкупното задолжување за 2024 година изнесува 3.611.580.00 денари, а вкупно наплатени средства од закупнини од корисниците на пензија изнесува 3.583.758.00 денари или 98,23 % наплата.

Фондот располага и со деловен простор во домовите за живеење на корисниците на пензија со површина од 9.721 .м2, издадени се 8.668., м2. Во 2024 година се склучени три (3) нови договори за издавање на деловен простор.

Во 2024 година Фондот на име закупнина за деловен простор има фактурирано 16.048.876,00 денари и наплатено 15.788.155,00 денари, или тековната наплата е 98,38%.

Во 2024 година извршени се инвестициски активности во рамките на предвидените средства со Буџетот на Фондот за 2024 година, со цел да се подобрат условите за работа на вработените, како и во домовите за престој на корисниците на пензија.

Извршени се повеќе инвестициски зафати во филијалите и деловниците. Во Централата во Скопје завршена е поправка на електричната инсталација.

Во Струга, Кичево, Дебар е извршено комплетно реновирање на внатрешните простории и санитарните чворови, обезбедени е канцелариски мебел за сите простории.

Во домовите за живеење на корисниците на пензија во 2024 година во Куманово и Автокоманда е извршена реконструкција на кровот, молерисување, како и промена на олуците.

Сите капацитети на пензионерските домови се пополнети, а на ранг листата голем дел на пензионери се на чекање за да се сместат.

**3.Човечки ресурси**

Во текот на 2024 година, Одделението за човечки ресурси ја реализираше политиката на менаџирање со човечките ресурси во Фондот на ПИОСМ.

Врз основа на Законот за вработените во јавниот сектор, изготвени се План за вработување за 2024 година и План за обуки на административните службеници во Фондот за 2024 година, како и извештаи за реализација на планот за вработување и планот за обуки. Исто така, изготвен е Годишен извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност.

Во Стручната служба на Фондот, со состојба декември 2024 година, беа ангажирани 488 вработени во редовен работен однос на неопределено време. Со договор за извршување на самостојна работа до 30.06.2024 година беа ангажирани 200 лица. Во споредба со 2023 година, бројот на вработени во редовен работен однос е намален за 31 лица.

**Табела бр. 16:** Квалификациска структура на вработените во Фондот

| Стручна подготовка | 2023 | Структура | 2024 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| Висока | 298 | 57.42% | 281 | 57.58% |
| Виша | 20 | 3.85% | 18 | 3.69% |
| Средна | 191 | 36.80% | 179 | 36.68% |
| Ниска | 10 | 1.93% | 10 | 2.05% |
| Вкупно | 519 | 100% | 488 | 100% |

**Табела бр. 17:** Движењето на бројот на вработените во период од 2014 до 2024 година :

| Табела бр.: Година | Стручна служба, Централа-Скопје | Подрачни единици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2014 | 230 | 406 | 636 |
| 2015 | 252 | 393 | 645 |
| 2016 | 249 | 388 | 637 |
| 2017 | 242 | 366 | 608 |
| 2018 | 233 | 354 | 587 |
| 2019 | 221 | 338 | 559 |
| 2020 | 203 | 333 | 536 |
| 2021 | 199 | 336 | 535 |
| 2022 | 220 | 316 | 536 |
| 2023 | 205 | 314 | 519 |
| 2024 | 194 | 294 | 488 |

## VIII. ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

Секторот за информатика обезбедува непречено функционирање на целокупниот софтвер и навремено имплементирање на сите нови функционалности кои го следат деловниот развој и промените во законските регулативи.

Во однос на оптимизација и дигитализација на процесите, преземени се активности по основ на проекти кои се во тек, и тоа:

- Активност од СИАП проектот „Консолидација на податоците на ПИОСМ (Пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија) во врска со придонесите на осигурените лица - М4,
- Активност од СИАП проектот „Дизајн на единствен унифициран регистарски систем на осигуреници во задолжително социјално осигурување – SURS",
- Активност од проектот Е-Влада Национален портал „Enhancing e-government in North Macedonia – EuropeAid/140244/DH/SER/МК", каде во 2024 се поставија 18 наши услуги за крајните корисници
- Активност од СИАП проектот „Функционална анализа на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија и предлози за негова модернизација".
- „ Прост модел „ алатка за проекции -Светска банка за потребите на формирање на актуарско одделение
- Инсталирање на Domain controleri ( DC3 и DC4 )
- Имплементирање на проект DR ( Disaster Recovery)
  - Дадена е техничка поддршка на корисниците на ИТ- опремата во Централата, филијалите и деловниците на Фондот.
  - Мониторинг на ИКТ информацискиот систем
  - Набавка на нова современа ИТ – опрема со нејзина инсталација и тестирање на функционирањето, а со цел за ефикасно и современо функционирање на деловните процеси на Фондот. Паралелно со набавката на нова опрема, се продолжи со редовното одржување и сервисирање на постојната преку склучување на договори со овластени економски оператори, со што беше обезбедено непречено и континуирано функционирање на Фондот.

- во делот на сајбер-безбедносен надзор над интернет сообраќајот, Фондот е приклучен во системот на централизиран надзор, анализа и заштита на мрежниот сообраќај, откривање на сајбер напади и закани од безбедносен карактер, со што се овозможи навремена реакција за заштита на системите. Услугата е базирана на Cisco Stelathwatch технологија.
- Во текот на 2024 година се спроведуваше и редовно мониторирање, одржување и конфигурирање на серверите,, мониторирање, одржување и конфигурирање на мрежните уреди, како и т.н. "Backup" на базата на податоци.

- Во рамки на проектот за „Информираност на осигурениците за пензискиот стаж и плата", преку електронска порака се доставени податоците за стаж за 85.949 обврзници за вкупно 673.579 осигуреници .

Во деловниот дел од функционирањето на Фондот, службениците имаат потреба за подетално објаснување на нестандардни состојби на податоци, па затоа од страна на надлежните за развој на информацискиот систем се вршеа адекватни анализи и по потреба се предлагаа решенија.

## IX. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА И ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

Во текот на 2024 година од страна на Одделението за внатрешна ревизија во Фондот се спроведени:

1. Ревизија на процесот на исплата на пензиски примања во ФПИОСМ.
2. Ревизија на процесот за управување со ризици во ФПИОСМ.
3. (Follow up) ревизија на постапување по наодите и препораките од извршените ревизии за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година во ФПИОСМ.
4. Ревизија на усогласеност на процесот на заведување, распоредување и експедирање на пошта, сопствени акти, документи и предмети во писарниците на ФПИОСМ.

5. Ревизија на системот на внатрешни контроли на процесот на законско и навремено постапување по однос на поднесени барања за остварување на права од ПИО во филијалите на ФПИОСМ.
6. Ревизија на усогласеност на процесот за јавни набавки во ФПИОСМ.

Одделението за Внатрешна контрола во текот на 2024 година, спроведе:

- контрола на исплати на средства од Солидарен фонд за 2023 година со проверка на 340 досиеја по случаен избор.
- Во соработка со Раководителот на Одделението за правни работи, Одделението за Внатрешна контрола вршеше контрола на поединечни предмети за кои Правната служба има отворено предмети по штета. Во тековната 2024 година, беше извршена контрола на 8 предмети, каде се проверуваше целокупната постапка во предметитие. За сите контролирани Предмети по штета се изготвени поединечени извештаји, со укажување на неправилностите и пропустите кои довеле до настанување на штета.
- Исто така, Одделението за Внатрешна контрола вршеше контрола на филијалите во Тетово и во Кочани.

Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 31.01.2025 година, го усвои Годишниот извештај за работата на Фондот на ПИОСМ за 2024 година.

**Директор на Секторот за финансиски прашања**

Мухаметали Исмани ____________________

**Директор на Секторот за остварување на правата од ПИО**

Билјана Стојанова ____________________

**Директор на Секторот за човечки ресурси, правни и општи работи**

____________________

**Директор на Секторот за информатика**

Нехат Мустафа____________________

**Директор на Секторот за спроведување на одредбите на ЕУ**

**и меѓународните договори за социјално осигурување**

Ниѓар Тоска____________________

02-511/1
31.01.2025

В.Д. ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ

Никола Мемов

УПРАВЕН ОДБОР

**Претседател,**

**Јасмина Вукиќевиќ**